SONY®

4-410-138-**42**(1) (MK)

# Blu-ray Disc™ / DVD плеер

## Упатство за работа

Почеток

Репродукција

Интернет

Поставки и прилагодувања

Дополнителни информации



BDP-S390

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

За да се намали ризикот од пожар или електричен шок, не изложувајте го апаратот на дожд или на влага.

За да избегнете електричен шок, не отворајте ја кутијата. За поправка обратете се само до квалификуван персонал.

Главниот довод мора да се замени исклучиво кај квалификуван сервис.

Батериите или апаратите со инсталирани батерии не треба да се изложуваат на прекумерна топлина како што се сонцето, огнот или слично.

## ВНИМАНИЕ

Употребата на оптички инструменти со овој производ ќе ја зголеми опасноста за повреда на очите. Бидејќи ласерскиот зрак што се користи во овој Blu-ray Disc/DVD плеер е штетен за очите, не обидувајте се да ја расклопите кутијата.
За поправка обратете се само до квалификуван персонал.

| | |
|---|---|
| CAUTION | CLASS 3R VISIBLE AND INVISIBLE LASER RADIATION WHEN OPEN. AVOID DIRECT EYE EXPOSURE. |
| VORSICHT | KLASSE 3R SICHTBARE UND UNSICHTBARE LASERSTRAHLUNG WENN GEÖFFNET. UNMITTELBAREN AUGENKONTAKT VERMEIDEN. |
| ADVARSEL | SYNLIG OG USYNLIG LASERSTRÅLING AF KLASSE 3R VED ÅBNING. UNDGÅ AT SE DIREKTE PÅ STRÅLEN. |
| ADVARSEL | SYNLIG OG USYNLIG LASERSTRÅLING I KLASSE 3R NÅR DEKSEL ÅPNES. UNNGÅ DIREKTE EKSPONERING AV ØYNENE. |
| VARNING | KLASS 3R SYNLIG OCH OSYNLIG LASERSTRÅLNING NÄR DENNA DEL ÄR ÖPPNAD. UNDVIK ATT DIREKT EXPONERA ÖGONEN FÖR STRÅLNINGEN. |
| VARO! | AVATTUNA LUOKAN 3R NÄKYVÄÄ JA NÄKYMÄTÖNTÄ LASERSÄTEILYÄ. VÄLTÄ KATSEEN SUORAA ALTISTAMISTA. |
| 警告 | 打开时有3R类可见和不可见激光辐射，避免眼睛受到直射的照射 |
| 注意 | 打開時有第3R類可視及不可視雷射輻射，避免眼睛直接暴露。 |

Оваа ознака е лоцирана на куќиштето коешто го заштитува ласерот во заградениот простор.

### За потрошувачите во европските земји

CLASS 1 LASER PRODUCT
LASER KLASSE 1
LUOKAN 1 LASERLAITE
KLASS 1 LASERAPPARAT
1 类激光产品

Оваа направа е класификувана како производ CLASS 1 LASER. Ознаката CLASS 1 LASER PRODUCT MARKING е лоцирана на надворешна страна одзади.

### Известување за потрошувачите во Обединетото Кралство и Република Ирска

Приклучок што одговара со BS1363 се наоѓа во опремата за ваша безбедност и лесна употреба.
Ако дадените осигурач или приклучок треба да се заменат, мора да се користи осигурач со истата оцена како дадениот осигурач и да биде одобрен од ASTA или BSI за BS1362, (на пр., означено со ознаката или ).
Ако приклучокот што е доставен со опремата има отстранлив капак на осигурачот, проверете дека сте го наместиле капакот откако ќе го промените осигурачот. Никогаш не користете го приклучокот без капакот на осигурачот. Ако го загубите капакот на осигурачот, обратете се на најблиската станица за сервис на Sony.

### Фрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни збирни системи)

Овој симбол на производот или на неговата амбалажа покажува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа треба биде предаден на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на производот ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства. Контактирајте со канцеларијата на локалната месна заедница, службата за собирање домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ.

### За потрошувачите во Австралија/Нов Зеланд

Горниот симбол е применлив во Европската унија и во други европски земји со посебни собирни системи.




## Отстранување на потрошени батерии (применливо во Европската унија и во други европски земји со посебни системи на собирање)

Овој симбол на батеријата или на амбалажата покажува дека со батеријата којашто е дадена со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад.
Кај определени батерии овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово.
Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за природата и здравјето на човекот, кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.

Во случај на производи кои од безбедносни причини, поради изведба или интегритет на податоци имаат потреба од трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификуван персонал.
За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи соодветно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање на електрична и електронска опрема.

За сите други батерии, погледнете го делот за тоа како безбедно да се отстрани батеријата од производот. Батеријата предадете ја на применливото збирно место за рециклирање на отпадни батерии.

За подетални информации за рециклирањето на овој производ или батеријата, контактирајте со вашата локална месна заедница, вашиот сервис за отстранување на домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ.

## За потрошувачите во европските земји

Производителот на овој производ е Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Овластениот претставник за EMC и безбедност на производот е Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Повикајте се на адресите дадени во посебните документи за услуга или гаранција за какви било проблеми со услугата или со гаранцијата.

## Мерки за претпазливост

- Оваа единица работи на 220 V - 240 V AC, 50/60 Hz. Проверете дали работниот напон на единицата е ист како и вашето локално снабдување.
- За да ја намалите опасноста од пожар или електричен удар, врз апаратот не поставувајте предмети полни со течности, како што се вазните.
- Монтирајте ја единицава така што главниот вод може да се исклучи од ѕидниот штекер веднаш штом ќе се појави проблем.

# Мерки за претпазливост

Оваа опрема е тестирана со кабел за поврзување пократок од 3 метри при што е утврдено дека е усогласена со ограничувањата поставени во Директивата EMC.

### За поставувањето

- Поставете го плеерот на локација со соодветна вентилација за да спречите зголемување на топлина во плеерот.
- Не поставувајте го плеерот на мека површина како тепих што може да ги блокира отворите за вентилација.
- Не монтирајте го плееров во ограничен простор како што е полица за книги или слично.
- Не поставувајте го плеерот во близина на топлотни извори или на место кое е на директна сончева светлина, има прекумерна прашина или механички шок.

- Не поставувајте го плеерот надвор, во возила, на бродови или во други пловни објекти.
- Ако плеерот се внесува директно од ладна во топла локација или се поставува во многу влажна просторија, влагата може да се кондензира на леќите во плеерот. Ако се случи ова, плеерот нема да работи правилно. Во тој случај, отстранете го дискот и оставете го плеерот вклучен околу половина час сè додека влагата не испари.
- Не монтирајте го плеерот во навалена позиција. Тој е дизајниран за да работи само во хоризонтална положба.
- Не поставувајте метални објекти пред предниот панел. Тоа може да го ограничи приемот на радиобранови.
- Не поставувајте го плеерот на места каде што се користи медицинска опрема. Може да предизвика дефект на медицинските инструменти.
- Ако користите пејсмејкер или друг медицински уред, консултирајте се со вашиот лекар или производителот на медицинскиот уред пред да ја користите безжичната LAN функција.
- Овој плеер треба да се монтира и да работи на растојание од најмалку 20 cm или повеќе помеѓу плеерот и телото на лицето (вклучувајќи ги екстремитетите: дланките, зглобовите и стапалата).
- Не поставувајте тешки и нестабилни објекти врз плеерот.
- Освен дисковите во носачот на диск, не поставувајте никакви други објекти. На тој начин можете да предизвикате штета на плеерот или објектот.
- Кога го пренесувате плеерот, извадете ги дисковите од носачот. Ако не ги извадите, дискот може да се оштети.
- Исклучете ги кабелот за напојување со наизменична струја (главен довод) и сите други кабли од плеерот кога го пренесувате плеерот.

### За изворите за напојување со ел. енергија

- Плеерот не е исклучен од изворот со наизменична струја (главен вод) сè додека е поврзан во ѕидниот штекер, дури и ако самиот плеер е исклучен.
- Исклучете го плеерот од ѕидниот штекер ако не планирате подолго време да го користите истиот. Фатете го самиот приклучок, никогаш не влечете го кабелот за да го исклучите кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод).
- Набљудувајте ги следниве точки за да спречите оштетување на кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод). Не користете го кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) ако е оштетен, затоа што тоа може да предизвика електричен шок или пожар.
  – Не приклештувајте го кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) помеѓу плеерот и ѕид, полица итн.
  – Не ставајте ништо тешко врз кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) и не влечете го истиот.

### За прилагодување на јачината на звукот

Не зголемувајте ја јачината на звукот додека слушате делови со многу мал капацитет или без аудио сигнали. Ушите и звучниците може да се оштетат кога звучното ниво одеднаш ќе го достигне својот врв.

### За чистење

Исчистете ги кутијата, панелот и контролите со мека крпа. Не користете каков било вид абразивно перниче, прашок за чистење или растворувач како што е алкохолот или бензинот.

### За дисковите за чистење, чистачите на дискови/леќи

Не користете дискови за чистење или чистачи за дискови/леќи (вклучувајќи влажни видови или спреј). Тие може да предизвикаат дефект на уредот.

## За заменување на делови

Во случај овој плеер да се поправа, поправените делови може да се собираат за повторна употреба или за рециклирање.

## За поврзувањето на приклучокот за HDMI OUT

Набљудувајте го следното затоа што неправилното ракување може да ги оштети приклучокот за HDMI OUT и конекторот.

- Внимателно порамнете го приклучокот за HDMI OUT на задната страна на плеерот со приклучокот/конекторот за HDMI со проверка на нивните облици. Осигурете се дека конекторот не е завртен надолу и не е накривен.




- Кога ќе го местите плеерот, осигурете се дека сте го исклучиле кабелот за HDMI.



- Држете го приклучокот за HDMI исправено кога го поврзувате или исклучувате кабелот за HDMI. Не искривувајте го и не ставајте го насила конекторот за HDMI во приклучокот за HDMI OUT.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА**

Внимание: Овој плеер може бесконечно да задржи видео слика на пауза или слика на екранот на вашиот телевизор. Ако видео сликата на пауза или сликата на екранот ја оставите прикажана на вашиот ТВ подолг период на време ризикувате трајно оштетување на телевизискиот екран. Телевизорите со панел со плазма екран и проектните телевизии се подложни на ова.

Ако имате какви било прашања или проблеми во врска со вашиот плеер, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

## Заштита од копирање

Имајте ги предвид напредните системи за заштита на содржината што се користат за дискови Blu-ray™ и медиуми за DVD. Овие системи, наречени AACS (Advanced Access Content System - Напреден систем за пристап до содржини) и CSS (Content Scramble System - Систем за кодирање содржина), може да содржат ограничувања за репродукцијата, аналогниот излез и други слични одлики. Работата на овој производ и поставените ограничувања може да варираат во зависност од датумот на купување, бидејќи управниот одбор на AACS може да ги прифати или смени своите правила за ограничување по времето на купување.

## Известување за Cinavia

Овој производ користи технологија на Cinavia за да се ограничи употребата на неовластени копии на комерцијални филмови и видеа, како и на нивните музички нумери. Ќе се прикаже порака, а репродукцијата или копирањето ќе се прекинат кога ќе се открие забранета употреба на неовластена копија.

Повеќе информации за технологијата на Cinavia има кај Информативниот центар за потрошувачи на Cinavia на http://www.cinavia.com. Испратете дописна картичка со својата поштенска адреса за да побарате дополнителни информации за Cinavia по пошта на следната адреса: Cinavia Consumer Information Center, P.O. Box 86851, San Diego, CA, 92138, USA.

### Авторски права и заштитени знаци

- „AVCHD“ и логото на „AVCHD“ се заштитени знаци на Panasonic Corporation и на Sony Corporation.
- Java е заштитен знак на Oracle и/или на неговите партнери.
- , „XMB“ и „xross media bar“ се заштитени знаци на Sony Corporation и на Sony Computer Entertainment Inc.
- Овој производ вклучува технологија на меѓуврска за мултимедиуми со висока дефиниција (HDMI®). HDMI, логото HDMI и High-Definition Multimedia Interface се заштитени знаци или регистрирани заштитени знаци на HDMI Licensing LLC во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
- Blu-ray Disc™, Blu-Ray™, BD-Live™, BONUSVIEW™ и логоата се заштитени знаци на асоцијацијата Blu-ray Disc.
- Логоата на „DVD+RW“, „DVD-RW“, „DVD+R“, „DVD-R“, „DVD VIDEO“ и „CD“ се заштитени знаци.
- „x.v.Colour“ и логото на „x.v.Colour“ се заштитени знаци на Sony Corporation.
- „BRAVIA“ е заштитен знак на Sony Corporation.
- „PhotoTV HD“ и логото на „PhotoTV HD“ се заштитени знаци на Sony Corporation.
- Технологијата за аудио кодирање MPEG Layer-3 и патентите со дозвола од Fraunhofer IIS и Thomson.
- Овој производ вклучува сопствена технологија според лиценцата на Verance Corporation што е заштитена со патент 7,369,677 во САД и други издадени или во процес на издавање патенти во САД и ширум светот и е заштитена со авторско право и деловна тајна за одредени аспекти на таквата технологија. Cinavia е заштитен знак на Verance Corporation. Авторски права 2004-2010 Verance Corporation. Сите права ги задржува Verance. Повратното инженерство или расклопувањето се забранети.
- Windows Media е или регистриран трговски заштитен знак или заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
  Овој производ содржи технологија којашто е предмет на определени права на интелектуална сопственост на Microsoft. Употребата или дистрибуцијата на оваа технологија надвор од овој производ без соодветните лиценци на Microsoft се забранети.
  Сопствениците на содржината ја користат технологијата Microsoft PlayReady™ за пристап до содржина за да ја заштитат својата интелектуална сопственост, вклучувајќи содржина со авторски права. Овој уред ја користи технологијата PlayReady за да пристапи до PlayReady-заштитена содржина и/или WMDRM-заштитена содржина. Ако уредот не успее соодветно да ги спроведе ограничувањата за користење на содржина, сопствениците на содржина може да имаат потреба Microsoft да ја отповика способноста на уредот да ја користи PlayReady-заштитената содржина. Отповикувањето не треба да влијае врз незаштитена содржина или врз содржината заштитена со други технологии за пристап на содржина. Сопствениците на содржина може да ви побараат да го надградите PlayReady за да пристапите кон нивната содржина. Ако ја одбиете надградбата, нема да можете да пристапите кон содржината за која треба надградба.
- Технологијата за препознавање музика и видео и сродни податоци ја обезбедува Gracenote®. Gracenote е индустриски стандард во технологијата за препознавање музика и за испорака на сродна содржина. За повеќе информации, посетете ја страницата www.gracenote.com.

CD, DVD, Blu-ray Disc и музички или податоците поврзани со видео од Gracenote, Inc., авторско право © 2000-до денес Gracenote. Софтверот на Gracenote, авторско право © 2000-до денес Gracenote. Еден или повеќе патенти во сопственост на Gracenote важат за овој производ и услуга. Видете ја интернет-страницата на Gracenote каде е даден нецелосниот список со применливи патенти на Gracenote. Логото и логотипот на Gracenote, CDDB, MusicID, MediaVOCS, Gracenote и логото „Powered by Gracenote" се или регистрирани заштитени знаци или заштитени знаци на Gracenote во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.

- Wi-Fi®, Wi-Fi Protected Access® и Wi-Fi Alliance® се регистрирани заштитени знаци на здружението Wi-Fi.
- Wi-Fi CERTIFIED™, WPA™, WPA2™ и Wi-Fi Protected Setup™ се знаци на здружението Wi-Fi.
- Логото Wi-Fi CERTIFIED е сертификациски знак на здружението Wi-Fi.
- Знакот Wi-Fi Protected Setup е знак на здружението Wi-Fi.
- DLNA®, логото DLNA и DLNA CERTIFIED™ се заштитени знаци, знаци за услуга или сертификациски знаци на здружението Digital Living Network Alliance.
- Прелистувач на Opera® од Opera Software ASA. Авторско право 1995-2010 Opera Software ASA. Сите права се задржани.
- Сите други заштитени знаци се заштитени знаци на нивните соодветни сопственици.
- Другите имиња на системи и производи се генерално заштитени знаци или регистрирани заштитени знаци на производителите. Знаците ™ и ® не се посочени во овој документ.

## Лиценцата за крајниот корисник на Gracenote®

Оваа апликација или уред содржат софтвер на Gracenote, Inc. of Emeryville, California („Gracenote"). Софтверот на Gracenote („софтвер на Gracenote") ? овозможува на оваа апликација да врши идентификација на диск и/или датотека и да се здобива со информации поврзани со музиката, вклучително информации за името, изведувачот, нумерата и насловот („податоци на Gracenote") од сервери преку интернет или од вградени бази со податоци (севкупно „сервери на Gracenote") и да врши други функции. Може да ги користите податоците на Gracenote само во согласност со наменетите функции за крајниот корисник на оваа апликација или уред.

Се сложувате дека ќе ги користите податоците на Gracenote, софтверот на Gracenote и серверите на Gracenote само за лична, некомерцијална употреба.
Се сложувате дека нема да ги доделувате, копирате, пренесувате или предавате софтверот на Gracenote или кој било податок на Gracenote на трети лица.
СЕ СЛОЖУВАТЕ ДЕКА НЕМА ДА ГИ КОРИСТИТЕ ИЛИ ИСКОРИСТУВАТЕ ПОДАТОЦИТЕ НА GRACENOTE, СОФТВЕРОТ НА GRACENOTE ИЛИ СЕРВЕРИТЕ НА GRACENOTE, ОСВЕН НА НАЧИНОТ КОЈШТО Е ИЗРЕЧНО ДОЗВОЛЕН ТУКА.

➡*продолжува на стр. 9*

# Содржина

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ . . . . . . . . . . 2
Мерки за претпазливост . . . . . . . . . . 3

## Почеток

Водич за делови и контроли . . . . . . . . . . 10
Чекор 1: Доставена дополнителна опрема . . . . . . . . . . 14
Чекор 2: Поврзување на плеерот . . . . . . . . . . 15
Чекор 3: Подготовка за мрежно поврзување . . . . . . . . . . 17
Чекор 4: Лесно поставување . . . . . . . . . . 17

## Репродукција

Репродукција на диск . . . . . . . . . . 19
Репродукција од USB-уред . . . . . . . . . . 20
Репродукција преку мрежа . . . . . . . . . . 20
Достапни опции . . . . . . . . . . 22

## Интернет

Пребарување на интернет-страници . . . . . . . . . . 25

## Поставки и прилагодувања

Користење на екраните со поставки . . . . . . . . . . 28
[Network Update] (Мрежно ажурирање) . . . . . . . . . . 28
[Screen Settings] (Поставки на екранот) . . . . . . . . . . 28
[Audio Settings] (Аудио поставки) . . . . . . . . . . 30
[BD/DVD Viewing Settings] (Поставки за гледање BD/DVD) . . . . . . . . . . 31
[Parental Control Settings] (Поставки за родителска контрола) . . . . . . . . . . 31
[Music Settings] (Поставки за музика) . . . . . . . . . . 32
[System Settings] (Системски поставки) . . . . . . . . . . 32
[Network Settings] (Мрежни поставки) . . . . . . . . . . 33
[Easy Setup] (Лесно поставување) . . . . . . . . . . 35
[Resetting] (Ресетирање) . . . . . . . . . . 35

## Дополнителни информации

Решавање проблеми . . . . . . . . . . 36
Спецификации . . . . . . . . . . 41

Се сложувате дека вашата неексклузивна лиценца за употреба на податоците на Gracenote, софтверот на Gracenote и на серверите на Gracenote ќе се прекине ако ги прекршите овие ограничувања. Ако се прекине лиценцата, се сложувате дека ќе престанете да ги користите сите податоци на Gracenote, софтверот на Gracenote и серверите на Gracenote. Gracenote ги задржува сите права за податоците на Gracenote, софтверот на Gracenote и за серверите на Gracenote, вклучително и сите сопственички права. Во никој случај Gracenote нема да биде одговорен за какви било исплати во ваше име за кои било информации што ќе ги доставите. Се сложувате дека Gracenote, Inc. може да ги спроведе своите права во лично име согласно овој Договор против вас директно.

Услугата на Gracenote користи единствен идентификатор за да ги следи прашањата за статистички цели. Целта на случајно доделениот нумерички идентификатор е да ? се дозволи на услугата на Gracenote да ги брои прашањата без да знае за вас. За повеќе информации, погледнете ја интернет-страницата за политиката на приватност на Gracenote во однос на услугата на Gracenote.

Софтверот на Gracenote и секоја ставка од податоците на Gracenote ви се лиценцирани „КАКО ШТО СЕ“. Gracenote не дава презентации или гаранции, изречно или имплицирано, во однос на прецизноста на кој било податок на Gracenote од серверите на Gracenote. Gracenote го задржува правото да брише податоци од серверите на Gracenote или да ги менува категориите за податоците за секоја причина што Gracenote ќе ја смета за задоволителна. Нема никаква гаранција дека софтверот на Gracenote или серверите на Gracenote се без грешки и дека функционалноста на софтверот на Gracenote или серверите на Gracenote ќе биде непрекината. Gracenote не е обврзан да ви обезбедува нови подобрени или дополнителни видови на податоци или категории што Gracenote ќе ги обезбедува во иднина и слободно може да ги прекине своите услуги во секое време.

GRACENOTE ГИ ОТФРЛА СИТЕ ГАРАНЦИИ, ИЗРЕЧНО ИЛИ ИМПЛИЦИРАНО, ВКЛУЧИТЕЛНО НО НЕ И ОГРАНИЧЕНО САМО НА ТОА, ИМПЛИЦИРАНИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ПРОДАЖБАТА, ПОДОБНОСТА ЗА ДАДЕНАТА ЦЕЛ, НАСЛОВОТ ИЛИ ПРЕКРШУВАЊЕТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ. GRACENOTE НЕ ГАРАНТИРА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ШТО ЌЕ СЕ ДОБИЈАТ ОД ВАШАТА УПОТРЕБА НА СОФТВЕРОТ НА GRACENOTE ИЛИ ОД КОЈ БИЛО СЕРВЕР НА GRACENOTE. ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ GRACENOTE НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН ЗА КАКВИ БИЛО ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ИЛИ СЛУЧАЈНИ ОШТЕТУВАЊА ИЛИ ЗА ЗАГУБЕНА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБЕН ПРИХОД.
© Gracenote, Inc. 2009

# Водич за делови и контроли

## Преден панел




💡
Копчето ► има допирна точка. Користете ја допирната точка како референца кога управувате со плеерот.

1 **Носач на дискот**

2 **⏏ (отворање/затворање)**

3 **► (репродукција)**

4 **■ (прекини)**

5 **I/⏻ (вклучено/во мирување) / Индикатор за електрична енергија**
Го вклучува плеерот или го поставува во режим на мирување.

6 **Приклучок за ⭍ (USB)**
Поврзете USB-уред со овој приклучок.

7 **Далечински сензор**

### За заклучување на носачот на диск (Забрана за деца)

Можете да го заклучите носачот на диск за да избегнете негово случајно отворање.
Кога плеерот е вклучен, држете го копчето ► на плеерот повеќе од 10 секунди за да го заклучите или отклучите носачот.

## Заден панел




1 **Приклучок за LINE OUT (VIDEO)**

2 **Приклучок за DIGITAL OUT (COAXIAL)**

3 **LAN (100)-терминал**

4 **Приклучок за HDMI OUT**

5 **Приклучоци за LINE OUT (R-AUDIO-L)**

## Далечински управувач

Достапните функции на далечинскиот управувач се разликуваат во зависност од дискот или ситуацијата.




💡
Копчињата: број 5, AUDIO, ◿ + и ► имаат допирна точка. Користете ја допирната точка како референца кога управувате со плеерот.

1 **⏏ (отворање/затворање)**

Го отвора или затвора носачот на дискот.

**-TV- ⇥ (избор на ТВ-влез)**

Менува меѓу телевизорот и другите влезни извори.

**-TV- I/⏻ (вклучен ТВ/во мирување)**

Го вклучува телевизорот или го поставува во режим на мирување.

**I/⏻ (вклучено/во мирување)**

Го вклучува плеерот или го поставува во режим на мирување.

2 **Копчиња со броеви (0 - 9)**

Ги внесува броевите на насловите/поглавјата, итн.

**◿ (јачина на звук) +/–**

Ја прилагодува јачината на звукот на телевизорот.

**AUDIO (страница 31)**

Го избира јазикот на песната кога се снимени повеќејазични песни на BD-ROM/DVD VIDEO.
Ги избира песните на CD.

**SUBTITLE (страница 31)**

Го избира јазикот на превод кога се снимени повеќејазични преводи на BD-ROM/DVD VIDEO.

**🔇 (без глас)**

Привремено го исклучува звукот.

3 **Копчиња во боја (црвена/зелена/жолта/сина)**

Кратенки за интерактивни функции.

4 **TOP MENU**

Го отвора или затвора главното мени на BD или DVD.

**POP UP/MENU**

Го отвора или затвора појавното мени на BD-ROM или менито на DVD.

**OPTIONS (страница 22)**

Ги прикажува достапните опции на екранот.

**HOME**
Влегува во почетното мени на плеерот.
Ја прикажува позадината кога во почетното мени е притисната иконата за категорија.

**RETURN**
Се враќа на претходниот екран.

**←/↑/↓/→**
Го поместува истакнувањето за да избере прикажана ставка.

**Централно копче (ENTER)**
Ја внесува избраната ставка.

5 **⏮/⏭ (претходно/следно)**
Прескокнува до претходното/следното поглавје, песна или датотека.

**❚❚ (пауза)**
Ја паузира или повторно ја започнува репродукцијата.

**◀◀/▶▶ (брзо премотување назад/напред)**
- Брзо премотување назад/напред на дискот кога ќе го притиснете копчето за време на репродукцијата. Брзината на барање се менува секојпат кога ќе го притиснете копчето за време на видео репродукција.
- Забавена репродукција кога ќе се притисне подолго од една секунда во режим на пауза.
- Репродуцира по еден кадар едновремено кога ќе се притисне кратко во режим на пауза.

**▶ (репродукција)**
Почнува или повторно ја започнува репродукцијата.

**DISPLAY (страница 19)**
Ги прикажува информациите за репродукција и за прелистување на интернет на екранот.

**■ (прекини)**
Ја прекинува репродукцијата и го запомнува местото на прекин (продолжува од местото на прекин).
Местото на прекинување на наслов/песна е последното место кое што сте го репродуцирале или последната фотографија во папката со фотографии.

**SEN (страница 20)**
Пристапува до мрежната услуга на „Sony Entertainment Network™“.



## Екран на почетното мени

Почетното мени се појавува кога ќе притиснете HOME. Изберете категорија користејќи ←/→. Изберете ставка користејќи ↑/↓ и притиснете ENTER.




[Setup] (Поставување): Ги прилагодува поставките на плеерот.
[Photo] (Фотографија): Прикажува фотографии.
[Music] (Музика): Репродуцира музика.
[Video] (Видео): Репродуцира видео записи.
[Network] (Мрежа): Прикажува мрежни ставки.

# Чекор 1: Доставена дополнителна опрема

Проверете дека ги имате следниве ставки:

- Аудио/видео кабел (приклучок за RCA ×3) (1)
  (Само за моделите за Австралија)
- Далечински управувач (далечинско) (1)
- R6 (големина AA) батерии (2)

# Чекор 2: Поврзување на плеерот

Не поврзувајте со електрична мрежа додека не сте ги направиле сите поврзувања.

## Поврзување на телевизорот

Изберете еден од следните методи за поврзување во зависност од влезните приклучоци на телевизорот.
Кога поврзувате, бојата на приклучоците треба да соодветствува една со друга.







* Погледнете во „Чекор 1: Доставена дополнителна опрема“ (страница 14).

Не поврзувајте го плеерот преку VCR (видео рекордер). Видео сигналите од VCR (видео рекордерите) може да бидат под влијание на системите за заштита на авторските права, предизвикувајќи сликата на телевизорот да биде искривена.

## Поврзување на вашиот аудио/видео засилувач (ресивер)

Изберете еден од следните методи за поврзување во зависност од влезните приклучоци на вашиот аудио/видео засилувач (ресивер). Кога ќе изберете **A** или **B**, прилагодете ги соодветните поставки во поставувањето за [Audio Settings] (Аудио поставки) (страница 30).




**A**







→ Поставете [BD Audio MIX Setting] (страница 30).

**B**







→ Поставете [Dolby Digital*2/ DTS*3] (страница 30).

**C**






*1 Погледнете во „Чекор 1: Доставена дополнителна опрема“ (страница 14).

*2 Произведено според лиценца на Dolby Laboratories. Dolby, Pro Logic и симболот со двојно D се заштитени знаци на Dolby Laboratories.

*3 Произведено според лиценца на Patent Nos во САД: 5,956,674; 5,974,380; 6,226,616; 6,487,535; 7,212,872; 7,333,929; 7,392,195; 7,272,567 и други издадени или во процес на издавање патенти во САД и ширум светот. DTS-HD, the Symbol, & DTS-HD и the Symbol заедно се регистрирани заштитни знаци & DTS-HD Master Audio е заштитен знак на DTS, Inc. Производот вклучува софтвер. © DTS, Inc. Сите права се задржани.

# Чекор 3: Подготовка за мрежно поврзување

Ако не го поврзувате плеерот со мрежа, продолжете до „Чекор 4: Лесно поставување“ (страница 17).

## Wired Setup (Поставки за жично поврзување)

Употребете LAN-кабел за да се поврзете со LAN (100)-терминалот на плеерот.




Се препорачува употреба на заштитен кабел за меѓуврска (LAN-кабел), прав или вкрстен.

## Wireless Setup (Поставки за безжично поврзување)

Користете го безжичниот LAN што е вграден во плеерот.




# Чекор 4: Лесно поставување

**Вклучување за првпат**
Почекајте плеерот да се вклучи и да започне [Easy Initial Settings] (Лесни првични поставки).

**1 Вметнете две батерии R6 (големина AA) со спојување на соодветните краеви ⊕ и ⊖ на батериите со означувањата внатре во одделот за батерии.**



## 2 Поврзете го плеерот со електричната мрежа.




## 3 Притиснете I/⏻ за да го вклучите плеерот.




## 4 Вклучете го телевизорот и поставете го избирачот за влез на телевизорот. Ова ќе го прикаже сигналот од плеерот на екранот на телевизорот.

## 5 Изведете [Easy Initial Settings] (Лесни првични поставки).

Следете ги упатствата на екранот за да ги направите основните поставки користејќи ←/↑/↓/→ и ENTER на далечинскиот управувач.




Кога [Easy Initial Settings] (Лесни првични поставки) е завршен, изберете [Easy Network Settings] (Лесни мрежни поставки) за да ги користите мрежните функции на плеерот.

# Репродукција на диск

За дискови што се репродуцираат, видете страница 41.

**1 Префрлете го избирачот за влез на телевизорот така што сигналот од плеерот ќе се појави на екранот на телевизорот.**

**2 Притиснете ⏏ и ставете го дискот на носачот за диск.**



Страната за репродукција е свртена надолу

**3 Притиснете ⏏ за да го затворите носачот на дискот.**

Репродукцијата започнува.
Ако репродукцијата не започне автоматски, изберете во [Video] (Видео), [Music] (Музика) или категоријата [Photo] (Фотографија) и притиснете ENTER.

## Уживање во BONUSVIEW/BD-LIVE

Некои BD-ROM-дискови со логото „BD-LIVE"* имаат бонус содржини и други податоци кои може да се преземат за ваше уживање.

* BD LIVE™

**1 Поврзете USB-меморија во приклучокот за USB на плеерот (страница 10).**

Како локално складирање, користете 1 GB или поголема USB-меморија.

**2 Подгответе се за BD-LIVE (BD-LIVE само).**

- Поврзете го плеерот со мрежа (страница 17).
- Поставете [BD Internet Connection] (BD интернет-врска) на [Allow] (Дозволи) (страница 31).

**3 Внесете BD-ROM со BONUSVIEW/BD-LIVE.**

Методот на работа се разликува во зависност од дискот. Погледнете во прирачникот со упатства што се дадени со дискот.

За да избришете податоци во USB-меморијата, изберете [Erase BD Data] (Избриши податоци на BD) во [Video] (Видео) и притиснете ENTER.
Сите податоци што се зачувани во папката buda ќе бидат избришани.

## Прикажување на информацијата за репродуцирање

Може да ги видите информациите за репродукција, итн. со притискање на DISPLAY.
Прикажаните информации се разликуваат во зависност од видот на дискот и статусот на плеерот.

Пример: кога репродуцирате BD-ROM




1 Излезна резолуција/видео фреквенција

2 Број или име на насловот

3 Тековно избраниот агол

4 Тековно избраната аудио поставка

5 Достапни функции ( агол, аудио, превод)

6 Информации за репродуцирање
Ги прикажува режимот на репродукција, статусната лента за репродуцирање, типот на дискот, видео кодексот, стапката на битови, видот на повторување, поминатото време и целосното време на репродукција.

7 Број на глава

# Репродукција од USB-уред

За „Типови датотеки кои се репродуцираат“, погледнете во страница 42.

**1 Поврзете го USB-уредот во приклучокот за USB на плеерот (страница 10).**

Пред да ги поврзете, погледнете во прирачникот со упатства што е доставен со USB-уредот.

**2 Изберете [Video] (Видео), [Music] (Музика) или [Photo] (Фотографија) во почетното мени, користејќи ←/→.**

**3 Изберете [USB device] (USB-уред) користејќи ↑/↓ и притиснете ENTER.**

# Репродукција преку мрежа

## Уживање во Sony Entertainment Network

Sony Entertainment Network служи како капија која испорачува избрана содржина од интернет и различна забава на барање директно до плеерот.

- Некоја содржина од интернет бара регистрација преку компјутер пред да може да се репродуцира.
- Одредена содржина од интернет не е достапна во некои региони/земји.

**1 Поврзете го плеерот со мрежа (страница 17).**

**2 Притиснете го копчето SEN на далечинскиот управувач.**

**3 Изберете содржина од интернет и разна забава на барање користејќи ←/↑/↓/→ и притиснете ENTER.**

---

### Контролен панел за проток на видео

Контролната плоча се појавува кога видео датотеката ќе започне да се репродуцира. Прикажаните ставки може да се разликуваат во зависност од снабдувачите на интернет-содржина.

За повторно прикажување, притиснете DISPLAY.




1 Контролен приказ
Притиснете ←/↑/↓/→ или ENTER за операциите за репродукција.

2 Статусна лента на репродуцирање
Статусна лента, курсор кој ја покажува моменталната положба, времето на репродуцирање, времетраењето на видео датотеката

3 Мрежен услов
ја покажува јачината на сигналот за безжична конекција.
ја покажува жичната конекција.

4 Брзина на мрежен пренос

5 Името на следната видео датотека

6 Името на датотеката на тековниот видео избор

## Репродуцирање на датотеки на домашна мрежа (DLNA)

Производ што е компатибилен со DLNA може да репродуцира датотеки со видео/музика/фотографии што се зачувани на друг уред што е компатибилен со DLNA преку мрежа.

**1 Подгответе се за користење DLNA.**

- Поврзете го плеерот со мрежа (страница 17).
- Подгответе ги другите потребни производи што се компатибилни со DLNA. Погледнете во прирачникот со упатства што се дадени со производот.

### За репродукција на датотека од DLNA-сервер преку оваа единица (DLNA-плеер)




Изберете ја иконата на DLNA-серверот од [Video] (Видео), [Music] (Музика) или [Photo] (Фотографија), а потоа изберете ја датотеката што сакате да ја репродуцирате.

### За репродукција на датотека од DLNA-сервер преку друг производ (Изведувач)

Кога репродуцирате датотеки од DLNA-сервер на оваа единица, можете да користите производ што е компатибилен со DLNA-контролор (телефон, итн.), за да ја контролирате репродукцијата.




Контролирајте ја оваа единица користејќи DLNA-контролор. Погледнете во прирачникот со упатства што се дадени со DLNA-контролорот.

## Репродукција на истата музика во различни соби (PARTY STREAMING)

Можете да репродуцирате музички датотеки на плеерот (домаќин за PARTY) во други соби истовремено преку производите на Sony (гостин за PARTY) што се компатибилни со DLNA и функцијата PARTY STREAMING или обратно.

**1 Подгответе се за PARTY STREAMING.**
- Поврзете го плеерот со мрежа (страница 17).
- Поврзете ги производите што се компатибилни со функцијата PARTY STREAMING со мрежа.

### За користење на плеерот како домаќин за PARTY

Изберете песна во [Music] (Музика), а потоа изберете [Start PARTY] (Започни PARTY) од менито за опции за да започнете со PARTY.

### За користење на плеерот како гостин за PARTY

Изберете [PARTY] во [Music] (Музика), а потоа изберете ја иконата за производот за домаќин на PARTY.

Продажното и производното подредување на производите што се компатибилни со функцијата PARTY STREAMING се разликуваат во зависност од областа.

## Достапни опции

Достапни се различни поставки и операции за репродукција со притискање на OPTIONS. Достапните ставки се разликуваат во зависност од ситуацијата.

### Општи опции

- **[Repeat Setting] (Поставка за повторување):** Го поставува режимот на повторување.
- **[Play] (Репродуцирај)/[Stop] (Прекини):** Ја започнува или прекинува репродукцијата.
- **[Play from start] (Репродуцирај од почеток):** Ја репродуцира ставката од почеток.

### [Video] (Видео) само

- **[A/V SYNC]:** Ја прилагодува празнината помеѓу сликата и звукот, одложувајќи го звучниот излез во врска со излезот за слика (0 до 120 милисекунди).
- **[Video Settings] (Видео поставки):**
  - [Picture Quality Mode] (Режим за квалитет на слика): Ги избира поставките за слика за различни средини на осветлување.
  - [BNR]: Ги намалува блок-пречките како мозаик во сликата.
  - [MNR]: Намалува помали пречки околу контурите на сликата (пречка како комарец).
- **[Pause] (Пауза):** Ја паузира репродукцијата.
- **[Top Menu] (Главно мени):** Го прикажува главното мени на BD или DVD.
- **[Menu] (Мени)/[Popup Menu] (Појавно мени):** Го прикажува менито кое се појавува на BD-ROM или менито на DVD.

- **[Title Search] (Пребарување по наслов):** Пребарува наслов на BD-ROM/DVD VIDEO и ја започнува репродукцијата од почеток.
- **[Chapter Search] (Пребарување по глава):** Пребарува глава на BD-ROM/DVD VIDEO и ја започнува репродукцијата од почеток.
- **[Audio] (Аудио):** Го менува јазикот на песната кога на BD-ROM/DVD VIDEO се снимени повеќејазични песни. Ги избира песните на CD.
- **[Subtitle] (Превод):** Го менува јазикот на преводот кога на BD-ROM/DVD VIDEO се снимени повеќејазични преводи.
- **[Angle] (Агол):** Менува на други агли за гледање кога на BD-ROM/DVD VIDEO се снимени повеќе агли.
- **[IP Content Noise Reduction] (Намалување на пречки на IP содржина):** Го прилагодува квалитетот на сликата на интернет-содржината.
- **[Video Search] (Пребарување на видео):** Прикажува информации за BD-ROM/DVD-ROM според технологијата на Gracenote. Бара поврзани информации користејќи клучни зборови од Gracenote при избор на [Cast] (Доделено) или [Related] (Поврзано). Прикажува список со наслови при избор на [Playback History] (Историја на репродукција) или [Search History] (Историја на пребарување).

### ♫ [Music] (Музика) само

- **[Add Slideshow BGM] (Додај музика во заднината на приказот на слајдови):** Регистрира музички датотеки во USB-меморијата како музика во заднината на приказот на слајдови (BGM).
- **[Start PARTY] (Започни PARTY):** Започнува PARTY со избраниот извор. Оваа ставка може да не се појави во зависност од изворот.
- **[Leave PARTY] (Напушти PARTY):** Ја напушта функцијата PARTY каде што учествува плеерот. Функцијата PARTY STREAMING продолжува меѓу останатите производи коишто учествуваат.
- **[Close PARTY] (Затвори PARTY):** Ја затвора функцијата PARTY каде што учествува плеерот. Функцијата PARTY STREAMING завршува за сите производи коишто учествуваат.
- **[Music Search] (Пребарување на музика):** Прикажува информации за CD со аудио (CD-DA) според технологијата на Gracenote. Бара поврзани информации користејќи клучни зборови од Gracenote при избор на [Track] (Песна), [Artist] (Изведувач) или [Related] (Поврзано). Прикажува список со наслови при избор на [Playback History] (Историја на репродукција) или [Search History] (Историја на пребарување).

### [Photo] (Фотографија) само

- **[Slideshow Speed] (Брзина на приказот на слајдовите):** Ја менува брзината на приказот на слајдовите.
- **[Slideshow Effect] (Ефект на презентацијата):** Го поставува ефектот за приказите на слајдови.

- **[Slideshow BGM] (Музика во задрината за приказ на слајдови):**
  – [Off] (Исклучено): Ја исклучува функцијата.
  – [My Music from USB] (Моја музика од USB): Ги поставува музичките датотеки регистрирани во [Add Slideshow BGM] (Додај музика во задрината на приказот на слајдови).
  – [Play from Music CD] (Репродуцирај од CD со музика): Ги поставува песните на CD-DA (CD со музика).
- **[Change Display] (Промени екран):** Менува меѓу [Grid View] (Приказ во вид на мрежа) и [List View] (Приказ во вид на список).
- **[Slideshow] (Приказ на слајдови):** Репродуцира приказ на слајдови.
- **[Rotate Left] (Ротирај лево):** Ја ротира фотографијата спротивно на стрелките на часовникот за 90 степени.
- **[Rotate Right] (Ротирај десно):** Ја ротира фотографијата во насока на стрелките на часовникот за 90 степени.

# Пребарување на интернет-страници

Можете да се поврзете со интернетот и да уживате во интернет-страниците.

**1 Подгответе го прелистувачот на интернет.**
Поврзете го плеерот со мрежа (страница 17).

**2 Изберете [Network] (Мрежа) на почетното мени користејќи ←/→.**

**3 Изберете [Internet Browser] (Прелистувач на интернет) користејќи ↑/↓ и притиснете ENTER.**

Овој прелистувач не ги поддржува функциите на некои интернет-страници и некои интернет-страници може да не се прикажат правилно.

### За внесување на URL

Изберете [URL entry] (Внесување URL-адреса) од менито за опции. Внесете URL користејќи ја софтверската тастатура, а потоа изберете [Enter] (Внесува).

### За поставување на стандардната почетна страница

Додека ја прикажувате страницата којашто сакате да ја поставите, изберете [Set as start page] (Постави како почетна страница) од менито за опции.

### Враќање на претходната страница

Изберете [Previous page] (Претходна страница) од менито за опции. Кога претходната страница не се појавува дури и откако ќе изберете [Previous page] (Претходна страница), изберете [Window List] (Список со прозорци) од менито за опции и од списокот изберете ја страницата кон којашто сакате да се вратите.

### За излегување од прелистувачот на интернет

Притиснете HOME.

## Приказ на прелистувачот на интернет

Можете да ја проверите информацијата за интернет-страницата со притискање на DISPLAY.
Информацијата за приказот се разликува во зависност од интернет-страницата и од статусот на страницата.




1 Наслов на страницата

2 Адреса на страницата

3 Курсор
Поместете со притискање на ←/↑/↓/→. Поставете го курсорот на врската што сакате да ја видите, потоа притиснете ENTER. Се прикажува поврзаната интернет-страница.

4 SSL-икона
Се прикажува кога интернет-страницата е заштитена и поврзувањето е безбедно.

5 Индикатор за јачина на сигналот (само за поврзување со безжична мрежа)

6 Лента за напредок/Икона за вчитување
Се појавува кога страницата се чита или за време на преземање/пренос.

7 Поле за внес на текст
Притиснете ENTER и одберете [Input] (Влез) од менито за опции за да ја прикажете софтверската тастатура.

8 Лента за листање
Притиснете ←/↑/↓/→ за да го поместите приказот на страницата лево, горе, долу или десно.

## Достапни опции

Достапни се различни поставки и операции со притискање на OPTIONS.
Достапните ставки се разликуваат во зависност од ситуацијата.

- **[Browser Setup] (Поставување на прелистувачот):** Ги прикажува поставките на интернет прелистувачот.
  - [Zoom] (Зумирање): Ја зголемува или намалува големината на прикажаните содржини.
  - [JavaScript Setup] (Поставки на JavaScript): Овозможува или оневозможува JavaScript.
  - [Cookie Setup] (Поставка на колачиња): Поставува дали да се прифатат колачиња.
  - [SSL Alarm Display] (Приказ на SSL аларм): Овозможува или оневозможува SSL.
- **[Input] (Влез):** Ја прикажува софтверската тастатура за внесување на знаци додека пребарувате интернет-страница.
- **[Break] (Прекин):** Го поместува курсорот до следниот ред во полето за внесување на текст.
